РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-8642/3
31-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на продолжението на 99-та седница одржана на ден 27.01.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката на ДКСК по предмет број 08-4984/1 од 15.11.2021 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на _________, член на Управниот одбор на ЈЗУ _________, СЕ ЗАПИРА.

Прекршочната комисија со Решение број 14-180/1 од 11.01.2024 година сторителот _________ ја огласи за одговорна за прекршокот по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон и му изрекла прекршочна санкција – глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Одлуката на ДКСК, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот број 08-3838/1 од 09.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК, од Службен весник број 191 од 2021 година утвди дека _________ од Скопје со Решение број 14-8575/1 од 30.07.2021 година е именувана од функцијата член на Управниот одбор на ЈЗУ _________.

Од својата евиденција ДКСК утвди дека лицето _________, во законски утврдениот рок од 30 дена од денот на именување на наведената функција, не поднела анкетен лист до ДКСК.

ДКСК на горенаведеното лице му издаде и достави прекршочен платен налог број 08-8642/2 од 06.10.2022 година за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот закон.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Со оглед на тоа што лицето _________, во законски предвидениот рок не постапи по прекршочниот платен налог, ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до прекршочната комисија во ДКСК.

Прекршочната комисија во ДКСК со Решение број 14-180/1 од 11.01.2024 година _________ја огласи за одговорен за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот закон и му изрече прекршочна санкција ГЛОБА во износ од 300 евра во денарска противвредност .

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изготвил: м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
Одобрил: Нури Бајрами, член

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk